ЕУРОСТАНДАРД Банка

# Општи правила и услови за користење на подарок платежна картичка (Gift card) издадена од Еуростандард Банка АД Скопје

Овој Документ ги одредува Општите правила и услови за користење на Подарок платежна картичка (Gift Card) издадена од Еуростандард Банка АД Скопје. Истиот има за цел да ги приближи Подарок картичките до нашите корисници, да го објасни начинот на нивното функционирање, како и предностите од нивното користење.

## 1. ИЗДАВАЊЕ

Подарок картичката се издава на брз и едноставен начин, односно со нејзино купување од Експозитурите/ Шалтерите на Еуростандард Банка АД Скопје на лица државјани на Р. Македонија.
Клиентот има право да ја купи Подарок картичката откако ќе биде идентификуван во Банката и после неговата согласност дека ги разбира и прифаќа Општите правила и услови за користење на Подарок платежна картичка, без потреба за регистрација на клиентот,отварање на трансакциска сметка и изработка на договор.
Клиентот, по купување на картичката станува Корисник, и на тој начин го превзема понатамошниот ризик за состојбата на картичката.
Доколку Клиентот кој ја купил Подарок картичката ја даде истата на друго лице, обврзан е да му ги предаде Општите правила и услови за користење на Подарок платежната картичка на крајниот корисник.

## 2. КАРТИЧКА

Подарок картичката на Еуростандард Банка АД Скопје е неперсонализирана припејд платежна картичка.
Корисникот мора да ја потпише картичката во полето за потпис на задната страна од пластиката, пред нејзиното користење.
Корисникот ја користи картичката како инструмент за плаќање и мора да ја чува со внимание, грижа и во добра состојба, со цел да се обезбеди нејзино непречено функционирање.
Картичката може да се користи за плаќање и подигнување на готовина исклучиво во земјата, и тоа на ПОС терминали во трговија, на ПОС терминали за исплата на готовина или на Банкомати, за вршење трансакции преку телефон, e-mail, или преку Internet на македонски интернет страни кои поддржуваат плаќање во денари.
Картичката има важност 12 месеци од денот на нејзиното издавање и истата е валидна до последниот ден од месецот отпечатен на нејзината предна страна и секоја употреба на картичката после истекот на нејзината валидност е забрането.

## 3. ЛИЧЕН ИДЕНТИФИКАЦИОНЕН БРОЈ - PIN

Истовремено со купување на картичката, Банката го издава и врачува Личниот идентификационен број (PIN), кој може да се користи само во комбинација со Картичката за трансакции на продажни места и на Банкомати.
PIN-от се доделува од страна на Банката, тој е единствен и таен, служи само за лична употреба и истиот се генерира електронски под услови на целосна безбедност и сигурност, за да се оневозможи негова репродукција.
Корисникот треба да биде свесен за фактот дека PIN-от всушност претставува негов електронски потпис и се обврзува да го запамети и да го уништи соодветниот документ добиен од Банката кој го содржи PIN-от. PIN-от не треба да се запишува во која било препознатлива форма на Картичката или на кое било друго место. Запишувањето на PIN-от во било која форма ќе се смета за грубо невнимание од страна на Корисникот.
Доколку Клиентот кој ја купил картичката ја даде истата на друго лице, обврзан е да му го предаде и PIN –от на крајниот корисник.

## 4. РАСПОЛОЖЛИВО САЛДО НА КАРТИЧКАТА

Минимален износ на парични средства кој може да биде уплатен на Подарок картичката од страна на купувачот е 1.000,00 МКД, а максимален износ на уплата е 60.000,00 МКД.
Уплатата на парични средства на Подарок картичката се прави еднократно. Откако еднаш ќе се изврши уплата, дополнување на парични средства на Подарок картичката не е дозволено.
Расположливото салдо на Подарок картичката, Корисникот може да го искористи во рок од 12 месеци од денот на купување на картичката.

## 5. ГУБЕЊЕ НА КАРТИЧКАТА

Корисникот мора грижливо да ја чува својата Картичка, како и податоците во врска со истата на безбедно место.
За секое губење или кражба на картичката или откривање на PIN-от (доколку се случи), мора да се извести Банката на секој можен начин, и при тоа потребно е корисникот да ги достави до Банката бројот на картичката и рокот на нејзината важност. Корисникот не се смета за одговорен за каква било употреба на картичката или PIN-от после таквото известување.

Пропустот веднаш да се извести Банката се смета за грубо невнимание од страна на Корисникот, освен ако таквото неизвестување е последица на виша сила додека таквиот настан трае. Доколку пропустот да се извести Банката е резултат на грубо невнимание или измама од страна на корисникот, Корисникот се смета за целосно одговорен за која било трансакција извршена од трети лица и има обврска во целост да го плати износот на трансакциите извршени со користење на картичката, без никакво ограничување. Корисникот е должен да ја пружи на Банката секоја можна помош заради намалување на штетните последици од кражба или губење, како што е претходно наведено.
Во сите случаеви на известување за губење на картичката или откривање на PIN-от, Банката може на барање на клиентот да му издаде нова картичка која е продолжување на изгубената, и/или нов PIN. При секое издавање на нова картичка и PIN, Банката наплаќа трошок согласно важечката тарифа.

## 6. КОРИСТЕЊЕ НА КАРТИЧКАТА НА ПРОДАЖНИ МЕСТА

Корисникот може да ја користи Картичката за плаќање на продажни места во земјата, со што има обврска доколку од него се бара, да го докаже својот идентитет на законски начин. Во случај, Корисникот да одбере да изврши одредена трансакција по електронски пат, преку телефон, e-mail, или преку Internet во земјата, тогаш исклучиво Корисникот го превзема ризикот и сите обврски кои произлегуваат од горенаведените активности.
Во поглед на прифаќањето на Картичката, Продажните места не се секогаш задолжително поврзани со Банката со договор и во никој случај не се обврзани приемот на Картичката да го извршат ексклузивно, со што Банката не превзема никаква обврска спрема Корисникот во поглед на било каква грешка во извршување на трансакцијата или неточно извршување на обврските спрема Продажното место, како и во поглед на некаква одговорна или недоговорна загуба на Корисникот и во оваа насока Корисникот нема право да покрене каков било приговорили жалба против Банката во врска со наведеното, освен ако поинаку не е предвидено со закон. Доколку продажното место, од било која причина издаде евиденција на трошоци за одобрување во корист на Корисникот, Банката ќе прокнижи намалување на салдото на Подарок картичката за еднаков износ, после поднесување на евиденцијата на трошоци во Банката. Секоја неовластена и незаконска употреба на картичката се казнува со закон.

## 7. КОРИСТЕЊЕ НА КАРТИЧКАТА НА БАНКОМАТ (АТМ)

Во комбинација со PIN-от, Картичката исто така може да се користи за извршување на парични трансакции на банкомати (ATM) на мрежата на Банката и на мрежите на другите банки во земјата, во согласност со соодветните инструкции прикажани на екранот на банкоматот.
Податоците за секоја трансакција извршена со користење на Картичката на Банкомат се евидентираат и чуваат во електронската база на податоци на Банката и соодвествуваат со потврдата издадена од банкоматот која содржи целосна евиденција за трансакциите. После користењето на Картичката, Корисникот се обврзува да ја чува потврдата издадена од банкоматот заради проверка на трансакцијата.
Банката може во било кое време, без претходно известување до Корисникот, да ја суспендира (оневозможи) или да го прекине извршувањето на трансакцијата на банкомат и тоа заради заштита на Корисникот, поради дефект или неисправност. Во такви случаи, Банката не сноси, никаква одговорност кон Корисникот за каква било претрпена загуба или штета, како резултат на тие причини.
Со цел заштита и безбедност на инволвираните страни во трансакциите и самите трансакции, Корисникот е запознаен дека неговите трансакции на банкомат на Банката како и оние извршени на банкомати од други Банки се снимени на видео запис.

## 8. ИЗВЕСТУВАЊА

Со надеж дека Ве упативме во начинот на користење на Подарок картичката, Ве информираме дека за сите Ваши забелешки и коментари, можете да се обратите на нашиот телефон 02 3249 499, на факс 02 3224 095 во текот на работното време на Банката, на e-mail cards@eurostandard.com.mk или во Call Centar-от на Банката телефон 02 3293 888, 24 часа дневно, 7 дена неделно. Банката го задржува правото да прави измена на Општите правила и услови за користење на Подарок платежната картичка. Секоја промена на Општите правила и услови за користење на Подарок картичката, ќе бидат објавени на web страната на Банката www.eurostandard.com.mk.

Ваша,
ЕУРОСТАНДАРД Банка АД Скопје

**Средства на картичката:**

________________ ден.